**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Седмото продолжението на Педесет и првата седица**
**на Собранието на Република Македонија, одржана на**
**12 март 2004 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почнуваме со работа.

Бидејќи, воспоставивме, барем од моја страна, една пракса, еве денеска дозволете во мое и ваше име на пратеникот Слободан Даневски да му го честитам роденденот.

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа, како што сте известени по Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубисав Иванов-Ѕинго, Иван Анастасовски, Благоја Гешовски, Зоран Шапуриќ, Андреј Жерновски, Ванчо Георгиев, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Али Ахмети, Талат Џафери, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Во оваа седница ни остана една точка, а тоа е точката 9.

Минуваме на точката 9 - **Предлог за разрешување на заменикот на министерот за здравство.**

Претседателот на Владата на Република Македонија ме извести дека го повлекува предлогот за разрешување на заменикот на министерот за здравство и

дека господин Никола Пановски поднел оставка на функција заменик на министер за здравство.

Оставката Собранието ќе ја констатира на седницата што ќе се одржи на 19 март 2004 година.

Бидејќи, со тоа дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија. Формално требаше оваа процедура да ја поминеме.

(Седницата заврши со работа во 10,10 часот)